# Вашиот водич за nbn™ мрежата



# Содржина


Што е мрежата **nbn**™? 4

Дали треба да се поврзам? 5

Како можам да се поврзам? 6

Искористете го максимално вашиот домашен Интернет 8

Важни информации за компатибилноста на опремата 10

Заштитете се од измами 12




# Што е nbn™ мрежата?

Мрежата **nbn**™ е инфраструктура која ќе ја користат давателите на телефонски и Интернет услуги за да ве поврзат со **nbn**™ план. Воведувањето на мрежата има за цел да им овозможи на повеќе Австралијци користење на брз широкопојасен Интернет.



# Дали треба да се поврзам?

Мрежата **nbn**™ ги заменува повеќето постоечки мрежи на фиксна телефонија и Интернет, што значи најголем број од луѓето ќе треба да се поврзат – дури и ако користите само фиксен телефон.*

### Тоа нема да влијае на сите услуги

Иако повеќето постоечки услуги ќе бидат заменети со мрежата **nbn**™, некои услуги нема да бидат засегнати. Тука се вклучуваат оние услуги кои се доставуваат преку оптички мрежи кои не припаѓаат на **nbn**™, некои услуги во станбени комплекси како и некои деловни услуги и Special Services (Посебни услуги). Ако живеете во област во која добивате **nbn**™ Sky Muster™ или Fixed Wireless, ќе имате опција да продолжете да ги добивате вашите услуги преку постоечката бакарна мрежа. Ова е посебно важно ако немате добар мобилен Интернет прием на вашата адреса.

**nbn** ви препорачува да го контактирате вашиот доставувач на телефонски и Интернет услуги колку што е можно поскоро за да дознаете дали вашите услуги ќе бидат засегнати. За повеќе информации, посетете ја **nbn.com.au/switchoff**

За да проверите дали вашиот дом е подготвен да се поврзе, посетете ја **nbn.com.au/check**

*Услугите кои се доставуваат преку мрежата **nbn**™ ќе ги заменат телефонските и Интернет услугите кои се доставуваат преку повеќето постоечки фиксни мрежи, вклучувајќи ги бакарните мрежи и повеќето HFC мрежи во областите каде што тие се користат. Датумот на исклучување може да се промени. За повеќе информации, посетете ја nbn.com.au/switchoff

# Како да се поврзам?

Ќе треба да го контактирате вашиот доставувач на телефонски и Интернет услуги и да нарачате **nbn**™ план следејќи ги следните чекори.

## Поврзување на вашиот телефон и Интернет

**Проверете** како користите Интернет кога тој најмногу се користи (меѓу 7 и 11 ч. навечер), вклучувајќи го бројот на направите што се користат и како тие се користат.

**Изберете** го соодветниот план за брзина на Интернет со помош на вашиот доставувач на услуги.

**Поврзете** се со помош на вашиот доставувач на услуги и оптимизирајте го вашето искуство користејќи ги практичните совети на страна 8.

## Поврзување само на вашиот телефон

Ќе треба да изберете план соодветен само за телефонски услуги со помош на вашиот доставувач на услуги. Тој најверојатно ќе се заснова на нивото 'Basic Evening Speed' ('Основна вечерна брзина').

Најдете го списокот на сите доставувачи на услуги во вашата област на **nbn.com.au/providers**

### Вашиот доставувач на телефонски и Интернет услуги е малопродажно претпријатие кое:

- Ви помага да изберете план што ќе одговара на вашите потреби
- Организира на кој датум ќе биде поврзан вашиот дом
- Ве снабдува или ви препорачува компатибилен **nbn**™ модем
- Ви нуди упатства како да се поврзете
- Помага при решавање на било какви проблеми откако ќе се поврзете.

### nbn се занимава со продажба на големо што:

- Ја гради и одржува инфраструктурата која ја сочинува мрежата **nbn**™
- Ги снабдува доставувачите на телефонски и Интернет услуги со широкопојасни услуги
- Не продава телефонски и Интернет услуги директно во јавноста.



# Максимално искористете го вашиот домашен Интернет

Откако ќе се поврзете, користете ги следните практични совети за да го оптимизирате вашето искуство.*

## Размислете за опсегот на вашиот Wi-Fi

Колку поблиску сте до модемот, толку е поголема веројатноста дека сигналот ќе биде подобар. Ставете го модемот во подигната положба и избегнувајте да го криете зад телевизорот или во шкаф, бидејќи сигналот може да биде послаб на овие места. Цврсти ѕидови, фрижидери и мебел исто така може да го блокираат вашиот сигнал. На места каде што сигналот е слаб, размислете да користите продолжувач на Wi-Fi сигнали или да ги приклучите фиксните уреди, на пример, вашиот телевизор, директно на модемот.

## Избегнувајте пречки

Електронските апарати, на пример, микробрановите печки, безжичните безбедносни системи и безжичните телефони може да се мешаат со безжичните сигнали, затоа обидете се да ги чувате подалеку од модемот.

## Проверете го квалитетот на вашата опрема

Каблите на модемот кои се превиткани, свиткани или оголени може да влијаат на вашата употреба, затоа размислете да ги замените. Секогаш треба да ги користите каблите кои сте ги добиле со новата опрема, и проверете дека го имате најновиот модел на модем од вашиот доставувач на услуги.



## Проверете ја електричната инсталација

Ако вашиот дом е постар, можеби ќе биде корисно да повикате регистриран електричар да го процени квалитетот на електричната инсталација.

## Исклучете ги постарите уреди

Некои компјутери, штампачи и мобилни телефони кои се постари од десет години може да влијаат на брзината на врската меѓу модемот и другите уреди во вашиот дом. Размислете да ги исклучите овие уреди кога не ги користите, или разгледајте како да ги надградите ако претпочитате тие да бидат вклучени цело време.

За повеќе информации, посетете ја
**nbn.com.au/optimisation**

*Вашето искуство, вклучувајќи ги брзините што навистина ќе се постигнуваат преку мрежата **nbn**™, ќе зависи од технологијата и конфигурацијата на **nbn**™ преку кои се испорачуваат услугите во вашите простории, без разлика дали користите Интернет кога тој најмногу се користи, и од некои чинители надвор од контрола на **nbn** (како што се квалитетот на вашата опрема, софтверот, широкопојасниот план, приемот на сигнал и начинот на кој вашиот доставувач на телефонски и Интернет услуги ја има осмислено својата мрежа).

# Важни информации за компатибилност на опремата

Следните апарати можеби нема да бидат компатибилни со вашата услуга што ќе ја добивате преку мрежата **nbn**™.*

- Аларми за итни медицински случаи, направи за автоматско бирање на телефонски броеви и копчиња за итни повици
- Надгледувани противпожарни и безбедносни аларми
- Телефони за итни случаи во лифтови
- Факсимил машини и TTY опрема
- EFTPOS терминали и ATM (банкомати)



## Што треба да направите:

1. Регистрирајте го вашиот аларм за итни медицински случаи, противпожарен аларм или телефон за итни случаи во лифт со **nbn** со тоа што ќе ја посетите **nbn.com.au/compatibility** Ова и помага на **nbn** да утврди каде можеби ќе биде потребна поддршка со цел да се сведе на минимум прекин во услугата.
2. Јавете се на доставувачот/производителот на апаратите за да проверите дали тие ќе работат со мрежата **nbn**™ или дали ќе треба најдете друго решение.

## Прекин на електрична енергија

Апаратите поврзани преку мрежата **nbn**™ нема да работат при прекин на електрична енергија. Осигурете се да имате при рака некој друг вид на направа за комуникации (на пример, наполнет мобилен телефон).

**За повеќе информации, посетете ја nbn.com.au/compatibility**

*Воведувањето на мрежата **nbn**™ ќе вклучува нова технологија и некои постоечки апарати, вклучувајќи многу аларми за итни медицински случаи, можеби нема да бидат компатибилни со неа во секое време. Треба да го контактирате вашиот доставувач на опремата за да дознаете дали вашиот аларм или другата опрема ќе работат кога ќе бидат поврзани на мрежата **nbn**™ и какви други решенија постојат. За повеќе информации, посетете ја nbn.com.au/compatibility

# Заштитете се од измами

## Ако ги знаете следните работи, тоа ќе ви помогне да ги чувате важните податоци безбедни:

- **nbn** никогаш нема да ви се јавува преку телефон или да испраќа луѓе да ви се појават на вратата ненајавено и да бараат исплати.
- **nbn** никогаш нема да користи ‘robocalls’ (автоматски повици со снимени пораки) или автоматски повици за помош за да ве информира кога ќе бидете исклучени.
- **nbn** никогаш нема да побара далечински пристап до вашиот компјутер преку инсталирање на програми како што е TeamViewer.
- **nbn** се занимава со продажба на големо, што значи дека вие ќе треба да купите **nbn**™ план преку доставувач на телефонски и Интернет услуги.
- **nbn** може директно да ве контактира при воведувањето на мрежата, но никогаш нема да побара од вас да купите **nbn**™ план.
- **nbn** може да ви јави ако се наоѓате во Списоците за аларми за итни медицински случаи или противпожарни аларми и телефони за итни случаи во лифтови (MAR), меѓутоа никогаш нема да ви бара да дадете исплати или податоци за вашата банковна сметка.
- Сите техничари и работници кои се одобрени од **nbn**™ носат со себе enAble™ картички за идентификација. Ако не сте сигурни, побарајте да ја видите.

За повеќе информации, посетете ја **nbn.com.au/scamadvice**



### Ако мислите дека сте ги дале вашите податоци на измамник:

1. Веднаш контактирајте ја вашата банка или финансиска институција
2. Пријавете го случајот во вашата локална полиција
3. Јавете се во IDCARE на **1800 595 160** ако мислите дека сте му дозволиле на измамникот да има далечински пристап до вашиот компјутер

За да ги заштитите другите, пријавете ги измамите во Australian Competition & Consumer Commission (ACCC) (Австралиска комисија за конкурентност и потрошувачи - ACCC ) преку **scamwatch.gov.au**



# Прашања кои треба да му ги поставите на доставувачот на услуги што го претпочитувате

?

- Кој план би ми го препорачале?
- Колку ќе чини поврзувањето и дали наплаќате дополнително за инсталирањето?
- Дали сегашниот модем ќе работи со мрежата **nbn**™?
- Дали мојот сегашен домашен телефон ќе работи со мрежата **nbn**™?
- Дали можам да го задржам сегашниот домашен телефонски број?
- Како да поврзам повеќе телефони на мрежата **nbn**™?
- Дали опремата која ми е поврзана ќе работи на план што ја користи мрежата **nbn**™?
- Ако моите услуги се засегнати и јас не сакам да се поврзам на мрежата **nbn**™, кои се моите други опции?

За повеќе информации, посетете ја
**nbn.com.au/support**



# Забелешки

# Список за проверка при поврзување на мрежата

- [ ] Проверив на **nbn.com.au/check** дека мојот дом може да се поврзи на мрежата **nbn**™

- [ ] Ги регистрирав сите уреди за безбедност и критични ситуации со **nbn** на **nbn.com.au/compatibility** *

- [ ] Контактирав доставувач на телефонски и/или Интернет услуги да ги поврзи моите засегнати услуги со **nbn**™ план кој одговара на моите потреби. ^

- [ ] Ја оптимизирав инсталацијата на домашниот Интернет користејќи ги практичните совети на страна 8.

## Дали англискиот ви е втор јазик?

Јавете се во Translating and Interpreting Service (Служба за писмено и усмено преведување) на **131 450** или посетете ја **nbn.com.au/multilingual** за повеќе информации

*Воведувањето на мрежата **nbn**™ ќе вклучува нова технологија и некои постоечки уреди, вклучувајќи аларми за итни медицински случаи, можеби нема да бидат компатибилни со неа во секое време. Треба да го контактирате вашиот доставувач на апаратите за да дознаете дали вашиот аларм или другите уреди ќе работат кога ќе бидат поврзани на мрежата **nbn**™ и какви други решенија постојат. За повеќе информации, посетете ја nbn.com.au/compatibility

^Услугите кои се доставуваат преку мрежата **nbn**™ ќе ги заменат телефонските и Интернет услугите кои се доставуваат преку повеќето постоечки фиксни мрежи, вклучувајќи ги бакарните мрежи и повеќето HFC мрежи во областите каде што тие се користат. Датумот на исклучување може да се промени. За повеќе информации, посетете ја nbn.com.au/switchoff

© 2021 nbn co ltd. 'nbn', 'Sky Muster' и логоата на nbn се заштитни знаци на nbn co ltd
| ABN 86 136 533 741

2130077_MAC_OB